# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 13.01.2006 година

**Заклучоци и препораки од 6.седница на НСП**
одржана на ден 13.01.2006 година

1. **Усвојување на записникот од 5.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои Записникот од 5.седница на НСП.

2. **Информација по однос на Заклучоците и препораките од 5.седница на НСП.**

Советот ја усвои информацијата и донесе заклучок:
Работната група да ја продолжи работата во однос на изнаоѓање на решение за постапките на носителите на платен промет за затворање на неактивните сметки. Работната група има задача да ги разгледа пристигнатите одговори од централните банки во светот и да направи анализа на сегашната правна рамка (Законот за облигационите односи, Законот за спречување на перење на пари, Законот за платен промет и подзаконските акти и други закони кои имаат допирни точки со дадената проблематика). Рокот на извршување на задачите е до следната редовна седница на НСП.

3. **Информација за побараната техничка помош од страна на Европската централна банка.**

Народна банка на Република Македонија го информираше Советот за можноста од техничка помош од страна на Европската централна банка и Централната банка на Германија во обласста на ревизија на регулативата за платниот промет. Со оглед дека по добивањето статус на земја кандидат за членство, Република Македонија треба да исполнува и голем дел обврски во процесот на нејзина европска интеграција, советот препорача координиран пристап помеѓу Народна банка на Република Македонија и Министерството за финансии како регулативни тела и инволвирање на банките како носители на платен промет. Советот препорача Министерството за финансии да ја стави ревизијата на регулативата за платниот промет во програмата на министерството за 2007 година. Техничката помош ќе се реализира со организирање на семинари на кои ќе учествуваат: Министерството за финансии, Народна банка на Република Македонија, банките, клириншките институции и други учесници кои се поврзани со проблематиката која ќе се третира.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

4. **Информација за одржаната работилница за платните системи 19-21 декември 2005 година.**

Советот ја усвои информацијата и заклучи дека ваквиот пристап на одржување на работилници треба да продолжи и во иднина со што се овозможува повисок степен на соработка и идентификација на потребите за унапредување на платните системи во иднина од страна на носителите на платен промет до регулаторните тела. НСП препорача активно покренување на иницијативи од страна на банките, било на самите работилници било до НСП, односно до надлежните институции.

Емилија Нацевска
Вицегувернер,
Претседател на
Националниот Совет за платни системи